Стопанска комора на Македонија СКМ-ЗП-РУ-08/02
- Асоцијација на осигурително брокерски друштва -
Бр.68- 1447/2
30.10.2019 год.
С к о п ј е

**З А П И С Н И К**

**од седница на Асоцијацијата на осигурително брокерски друштва**

Датум и место: 29.10.2019 година; сала 53, 4-ти кат Стопанска комора на Македонија,

Присутни: Осигурително-брокерски друштва-членови на Асоцијацијата, Ратка Челаковски, претсатвник на Агенција за супервизија на осигурување

**Д н е в е н р е д**

1. **Информирање за клучните поенти од INSURTECH SKOPJE 2019 Конференцијата одржана на 2 - 3.10.2019 година;**

2. **Покренување иницијатива за еднократна уплата на премијата за осигурување од автоодговорност и зелена карта за осигурување на возило (забрана за продажба на рати);**

3. **Разно**

**Точка 1.** Информирање за клучните поенти од **INSURTECH SKOPJE 2019** Конференцијата одржана на 2 - 3.10.2019 година;

Претседателот на Асоцијацијата на осигурително брокерски друштва Елена Тодорова ги информира присутните членови на Асоцијацијата со главните цели на Конференцијата „Insurtech“ одржана на 2 и 3 октомври 2019 година и којашто беше посветена на употребата на технолошки иновации дизајнирани за да ги зголемат заштедите и ефикасноста на компаниите од осигурителниот сектор, како и за користење на предностите на новите технологии со цел обезбедување покриеност на дигитално позната база на клиенти.

Брзи промени се случуваат низ сите процеси на синџирот на вредности на бизнис моделот на осигурување од дизајн на продукти, преземање на ризици, одредување цени на производи, нивниот маркетинг и дистрибуција до обработка на штети и управување на односите со клиенти

Нашата осигурителна индустрија не е имуна на овие процеси и во секојдневното работење на осигурителните субјекти, се почесто има примена на напредни технологии. Со цел да се согледаат перспективите од придобивките на процесите на дигитализација, како и потенцијалот со кој располага нашата земја во однос на човечки капитал и извори на финансирање, Агенцијата за супервизија на осигурување и Стопанската комора на Македонија организираа два настана „INSUREHACK“ и „INSURTECH Skopje 2019“. Конференција. „Insurtech“ се однесува на употребата на технолошки иновации дизајнирани да ги зголемат заштедите и ефикасноста прифатена од компаниите од осигурителниот сектор, за користење на предностите на

новите технологии со цел обезбедување покриеност на дигитално позната база на клиенти. Главна цел на процесот е унапредување на вредносниот синџир на осигурувањето преку иновации и поставување на клиентот во центарот на вниманието.

Дигитализацијата секако е неминовен процес за модернизација во целокупните процеси во осигурувањето, од продажба до решавањето на штетите и интерконекцијата со клиентите, па заради тоа е потребно брокерските друштва да развиваат осигурителни продукти коишто ќе се продаваат преку мобилни апликации и преку интернет платформи, бидејќи постои ризик во иднина осигурителните компании да го преземат тој дел од пазарниот уделот.

Христо Кондовски, извршен директор на СН осигурителен брокер истакна дека во воведувањето на дигитализацијата кај брокерските друштва нема да биде едноставен и брз процес и може да се наидува на проблеми при неговата имплементација бидејќи брокерите не продаваат сопствени производи туку се посредници при продажбана осигурителни услуги. Затоа треба да бидат обединети и единствени како Асоцијација и ќе треба да се воспостави добра соработка и разбирање со осигурителните друштва.

Претседателот на Асоцијацијата исто така го потенцира проблемот со полисите за автоодговорноста , имено се уште службените лица од МВР не прифаќаат дигитална полиса, т.е. мора да биде заверена со потпис и печат од осигурителната компанија. Во таа насока се побара регулаторното тело да се заложи целиот процес да функционира до крај без проблеми, со што продажбата на полиси кај задолжителното осигурување да биде валидни пред шалтерите на МВР при станиците за технички преглед.

Претставникот од регулаторот истакна дека е добро сите вакви слабости и проблеми со кои брокерските друштва се среќаваат на терен, да бидат доставени до АСО со цел да бидат навремено известени во насока на преземање конкретни чекори за надминување на детектираните аномалии.

Во однос на организацијата на настанот INSURTECH SKOPJE 2019 одредени компании имаа реакции во делот на рекламирање на поединечни фирми кое е направено во директна комуникација со организаторот, без транспарентно да се информираат и останатите брокерски друштва за можноста за нивно промовирање на ваков важен настан под исти услуви и кретериуми.

Претставникот од АСО најави дека изнесените реакции ќе бидат пренесени и интерно ќе бидат дискутирани.

**Точка 2.** Покренување иницијатива за еднократна уплата на премијата за осигурување од автоодговорност и зелена карта за осигурување на возило (забрана за продажба на рати);

Претседателот на Асоцијацијата информираше дека стапила во контакт со брокерски друштва од соседните држави каде што ситуацијата е драстично поразлична од нашата земја. Имено, во Србија, Црна Гора, Бугарија и Хрватска не постои продажба на рати на полиси за осигурување од автоодговорност и зелена карта и се плаќаат во целост. Постои можност за плаќање со кредитна картичка, но тоа повторно е плаќање на полисата во целост од страна на банките.
Сведоци сме дека постојат одредени промени кај пазарот на задолжителните осигурувања, се промовира намалување на цената на зелената карта, а и осигурителните компании признаваат дека не функционира конзистентно системот на

бонус и на малус, т.е. малусите не се пресметуваат како што треба. Преку можноста за плаќање на рати брокерските друштва се соочуваат со проблеми со ликвидноста и со неможноста навремено да ги сервисираат своите обврски спрема осигурителкните друштва со што се дсоведуваат во нерамноправна положба на пазарот.

Оттука, по примерот на соседните земји произлезе предлогот за потпишување на Иницијативата за еднократна уплата на премијата за осигурување од автоодговорност и замрзнувањена продажбата на рати. Присутните брокерски друштва се согласни дека сите би имале корист доколку премијата се плати еднократно и побрзо ќе се стигне до планираната провизија, а така ќе се зголеми нивната конкурентност и позиција на пазарот спрема осигурителните друштва.

Претставникот од АСО истакна дека кога се носат вакви иницијативи и промени секогаш треба да се имаат во предвид интересите на осигурениците, особено на брокерските друштва коишто работат во име и за сметка на клиентот. Потребно е да се работи и на финансиска едукација и на финансиска инклузија на населението при креирање на нови продукти за потребите на потрошувачот како и развој на осигурителниот пазар.
Одлучено е иницијативата да се достави до регулаторот штом бидат собрани доволен број потписи од страна на брокерски друштва по што би се организирала средба со регулаторот и со осигурителните компании за да се разгледа можноста за спроевдување на оваа иницијатива.

**Точка 3. Разно**

Под точка разно се постави прашањето за падот на премиите на тендерски постапки коишто зема замав во последниот период, за што регулаторот истакна дека ќе биде дополнително анализирано и ќе искочат со информација. Се следи ситуацијата кај тендерските постапки, има пропишано правила на игра кои треба да се почитуваат и секој пат кога ќе се констатираат одредени неправилност се изрекуваат мерки од страна на регулаторот.

Претседател
Елена Тодорова

Записничар
Влатко Стојановски